**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 17-10-2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4929 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период од 2 до 11 октомври, во селектираните изданија на радио-дневникот од 16 часот, вкупното време на мониторираниот примерок изнесува – 2 часа 47 минути и 59 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРА - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Други субјекти | 00:45:16 | 26,95 % |
| Влада на РМ | 00:20:43 | 12,33 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:28:55 | 17,21 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:17 | 2,55 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:48 | 0,48 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:05 | 1,84 % |
| Собрание на РМ | 00:03:25 | 2,03 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:08 | 1,87 % |
| Судство | 00:07:04 | 4,21 % |
| Граѓански сектор | 00:06:46 | 4,03 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:54 | 7,08 % |
| СДСМ | 00:05:31 | 3,28 % |
| Беса | 00:05:46 | 3,44 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:06 | 0,66 % |
| Унитети | 00:01:29 | 0,89 % |
| Шарена револуција | 00:00:24 | 0,24 % |
| Локална самоуправа | 00:03:53 | 2,31 % |
| Без субјекти | 00:09:22 | 5,58 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:57 | 1,16 % |
| Претседател на РМ | 00:00:39 | 0,39 % |
| ДИК и други органи | 00:02:28 | 1,47 % |
| ДПА-ДР | 00:00:00 | 0,00 % |
| | **Вкупно: 02:47:59** | 100 % |

Во десетдневниот период на мониторингот, информативната редакција на Македонското радио на албански јазик, редовно преку вести и извештаи известува за собраниските расправи (Комисија за политички систем / Комисија за финансирање и буџет) што ги определуваат политичките услови за остварување на - 11 декември, датумот определен за предвремените парламентарни избори според т.н. „Договор од Пржино". Но, иако е ова примарна содржина во изданијата на централниот радио-дневник од 16 часот за периодот од 2 до 11 октомври, сепак, новинарскиот интерес ја дисперзира така што ја проследува низ повеќе општествено-политички настани во кои говорат и домашната и меѓународната експертска јавност. Важен дел од ваквиот пристап е проследувањето на работата на Специјалното јавно обвинителство, неговите реакции по собраниските расправи за законите што му ја определуваат оперативната сфера, и неговите релации со другите нивоа на судската власт во државата.

Бројот и содржината на новинарските прилози забележително варира од ден во ден, во зависност од уредувачкиот интерес што, сепак, не е ограничен исклучиво на партиските ставови сопоставени во официјалните нивоа на Законодавниот дом или на работата на министерствата. Така, ако во неделата на 2 октомври се емитувани само два прилога селектирани за методолошка анализа, во работните денови 3, 4, 5, 6 и 7 октомври просекот постапно се зголемува меѓу 15 до 20 новинарски прилога, а нивниот содржински опсег се протега врз изјави на вон-парламентарните партии БЕСА и Унитети, врз тековни судски процеси („Шарена револуција"; „Диво населе"; „Трезор"), работата на Уставниот суд, официјалната меѓународна соработка во повеќе области меѓу владите на Македонија, Албанија и Косово, потоа на активности во

рамките на професионалните здруженија од стопанските комори и од синдикалните организации, активности и ставови на академската заедница во однос на тековните образовни политики на сите нивоа од образованието, како и врз проектни активности на странски фондации и организации што се реализираат во Република Македонија.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Други субјекти | 00:15:18 | 43,49 | % |
| Влада на РМ | 00:06:04 | 17,24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:35 | 18,71 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:49 | 2,32 | % |
| СДСМ | 00:00:31 | 1,47 | % |
| Беса | 00:00:39 | 1,85 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:08 | 8,91 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:35 | 1,66 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:39 | 1,85 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:53 | 2,51 | % |
| | **Вкупно: 00:35:11** | 100 | % |

Ретки се прилозите што можат да се класифицираат како промотивни партиски активности, а во нив се вбројуваат следниве: активностите на ДПА (Мендух Тачи) низ локални заедници (Чегране/ Долнени) од Западна Македонија, средбите на делегација на ВМРО ДПМНЕ со американски конгресмени и сенатори во Вашингтон, како и Конгресот и Протестниот марш на опозицискиот СДСМ.

На 10 и на 11 октомври, ако се изземат поентите од пренесеното интервју со Енвер Хоџај, министерот за надворешни работи на Република Косово, дадено за тетовската ТВ Арт, како и форензичката анализа за човечките коски пронајдени во дворот од семејната куќа на Али Ахмети (ДУИ), забележливо е дека преку два опширни новинарски осврта што вклучуваат и експертска анализа (ДИК, претставници на меѓународната и на академската заедница), последователно емитуваните прилози во централниот Дневник тематски се обединети со нагласената уредувачка потреба да се протолкуваат општествените и политичките услови за исполнување на „Договорот од Пржино", односно неговата реализација преку предвремените парламентарни избори закажани за 11 декември.

***Сектор за програмски работи***